Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр 02-2730/6
12.10.2018
III Македонска бригада
бр.20
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 5 и член 83 став 6 од Законот за безбедност на храната Пречистен текст (Службен весник на РМ бр.123/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

**за овластување за спроведување на обуки за основните знаења за безбедност на храната, во согласност со правилата на добрата хигиенска пракса и заштита на животната средина**

1. Правното лице, БДА КОМПАНИ Куманово- Подружница КОНСУЛТАНТСКА КУЌА, се овластува да спроведува обука за основните знаења за безбедност на храната, правилата за добра хигиенска пракса и заштита на животната средина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото потпишување.

**Образложение**

Решавајќи по барањето број 02-2730/1 од 14.08.2018 година, и врз основа на мислењето број 02-2730/5, изготвено од страна на Комисијата за издавање мислење за исполнување на условите за правните лица за спроведување на обуки за основните знаења за безбедност на храна, во согласност со правилата на добрата хигиенска пракса и заштита на животната средина, а согласно член 83 став 6 од Законот за безбедност на храната- Пречистен текст (Службен весник на РМ бр.123/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
Решено под број 02-2730/6, во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

**Директор,**
**Зоран Атанасов**

Република Македонија Агенција за храна и ветеринарство Скопје

Изготвил: Ката Стојановска
Претседател на Комисијата

Доставено до:
Именуваните;
Архива на АХВ